# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**2016**
**НОЕМВРИ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец. Месечните информатори вклучуваат и податоци за случаи и мислења дадени од страна на Народниот правобранител.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **2**

### ОБЛАСТ

| Област | Број |
|---|---|
| работни односи | 2 |
| образование | 0 |
| социјална сигурност | 0 |
| здравство | 0 |
| пристап до добра и услуги медиуми | 0 |
| домување | 0 |
| медиуми | 0 |
| друго | 0 |

## Реакции

Реакции овој месец **2**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| Вид на реакција | Број |
|---|---|
| осуда од функционери | 1 |
| соопштение од здр. на граѓани | 1 |
| Протест | 0 |
| мислења на Народен Правобранител | 0 |
| мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 |
| останато | 0 |

### ПРЕВЕНЦИЈА

| Превенција | Број |
|---|---|
| Активности на ДИ | 1 |
| Активности на здрж. на граѓани | 0 |

## Карактеристики на жртвата:

| Карактеристика | % |
|---|---|
| пол | 0% |
| етничка припадност | 0% |
| религија | 25% |
| политичка припадност | 25% |
| попреченост | 50% |
| сексуална ориентација | 0% |
| друго | 0% |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| Облик | Број |
|---|---|
| директна | 1 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 1 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| Судски постапки | Број |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 54 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

### СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2016 ГОДИНА




### СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД НОЕМВРИ 2016

**СЛУЧАЈ:**

Во ноември во Хелсиншкиот комитет за човекови права е регистриран случај на директна дискриминација врз основа на попреченост од страна на заштитно претпријатие кон лице со интелектуална попреченост, вработено во заштитното претпријатие. Раководните лица на заштитното претпријатие, злоупотребувајќи ја интелектуалната попреченост на својата вработена, ја довеле во заблуда да потпише согласност за раскинување на договорот за вработување. Дополнително спогодбеното раскинување на договорот доаѓа во момент кога завршува финансиската помош на заштитното друштво за вработувањето на лицето со попреченост, предвидена со Посебниот фонд за подобрувањето на условите за вработување на инвалидните лица. Хелсиншкиот комитет за потребите на лицето ќе иницира постапки пред надлежните државни органи.

**СУДСКА ПРАКСА:**

Европскиот суд за човекови права во случајот 35214/9 Aldeguer Tomas v. Spain одлучи дека има повреда на чл. 14 од Европската конвенција за човекови права (забрана за дискриминација) заедно со чл. 8 (право на почитување на приватниот и семеен живот) и чл. 1 од Протоколот 1 (заштита на правото на сопственост) од Конвенцијата. Случајот се однесува на одбивање на правото на семејна пензија на апликантот после смртта на неговиот партнер. Апликантото смета дека е дискриминиран врз основа на сексуална ориентација бидејќи додека неговиот партнер бил жив тие не можеле да склучат истополов брак. Европскиот суд за човекови права одлучил дека во конкретниот случај нема дискриминација бидејќи истополовите бракови во Шпанија биле легализирани три години по смртта на партнерот на апликантот, па според тоа нема повреда на чл. 14 од Европската конвенција за човекови права (забрана за дискриминација) заедно со чл. 8
(право на почитување на приватниот и семеен живот) и чл. 1 од Протоколот 1 (заштита на правото на сопственост) од Конвенцијата
http://hudoc.echr.coe.int/eng-press#{"fulltext":["35214/09"]}

**РЕСУРСИ:**

Користење на actio popularis во случаи на дискриминација, достапна на следниов линк:

http://www.mhc.org.mk/publications/491#.WFEcMdUrLIU

How to build a case on equal pay, издаден од Equinet, достапен на:

http://www.equineteurope.org/Equinet-Handbook-How-to-build-a-case-on-equal-pay

Working Paper on Standards for Equality Bodies. издаден од Equinet и достапен на:

http://www.equineteurope.org/Equinet-Working-Paper-on-Developing-Standards-for-Equality-Bodies

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**